ДСУЛУД „ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ“ – СКОПЈЕ

САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА 2024/25 И 2025/26 УЧЕБНИ ГОДИНИ



АВГУСТ 2026

1. Вовед во самоевалвацијата на училиштето

Самоевалвацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење,анализирање и вреднување на остварената со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето. Во постапката на самоевалвацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања :

• Колку е добро нашето училиште?
• Како го знаеме тоа?
• Што може да направиме да бидеме подобри?

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

1.1. Цели на самоевалвацијата:

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.
- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето.
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, стручната служба, раководителите на смерови, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.
- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.
- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.
- Процесот на самоевалвација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники за создавање на единствени критериуми.

Користени техники и инструменти

Анкетирање
Анкетни прашалници
Интервју Разговори- индивидуални и групни
Набљудување следење на состојбата
Анализа на документи- дневник на работа, извештаи, записници, чек листи

1) Училишна Комисија за **Самоевалуација** за учебната 2024/2025 2025/2026 година.
Тина Чачоровска – Психолог
Катерина Таневска
Грозданка Каникова
Даниела Костова
Елизабета Клинчарова Младеновска

КОМИСИИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА ПО ПОДРАЧЈА

1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ
- **Тина Чачоровска – Претседател**
- **Ѓорѓи Томовкси – член**
- **Сашо Барјактаров – член**
- **Ицко Петрески – член**

2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ
- **Елена Дуковска – Претседател**
- **Елена Андреевска – член**
- **Елена Лазаревска – член**
- **Даниела Костова – член**

3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА
- **Сузана Поп-Икономова – Претседател**
- **Ристе Ставревски – член**
- **Мирјана Крстевска – член**
- **Тина Чачоровска – член**

4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ
- **Емилија Здравковиќ - Претседател**
- **Цветанка Гетај - член**
- **Гоце Стоилковски - член**
- **Кристина Пауновска – член**

5. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО
- **Кристина Матевска – Претседател**
- **Наташа Јовковска – член**
- **Мариглен Демири – член**
- **Бојан Чесмациски – член**

6. РЕСУРСИ
- **Мирослава Трујкановиќ – Претседател**
- **Марија Петковска – член**

- **Ристе Ставревски - член**
- **Боро Арсовски – член**

7. УПРАВУВАЊЕ,РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

- **Соња Димова – Претседател**
- **Катерина Таневска – член**
- **Тања Таневска – член**
- **Жаклина Глигориевска– член**

2. Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти на самоевалвацијата

2.1. За да се следи квалитетот во севкупната работа на училиштето потребно е да се согледаат условите во кои училиштето работи, процесите кои се одвиваат во него како и резултатите и постигнувањата на училиштето. Врз основа на овие три категории се дефинирани и утврдени подрачјата на вреднување и индикатори за квалитет

Подрачја на вреднување и индикатори на квалитет:

1. Наставни планови и програми
Реализација на наставните планови и програми
Квалитетот на наставните планови и програми
Воннаставни активности

2. Постигнувања на учениците
Постигања на учениците
Задржување/осипување на учениците
Повторување на учениците

3. Учење и настава
Планирање на наставниците
Наставен процес
Искуства на учениците од учењето
Задоволување на потребите на учениците
Оценување како дел од наставата
Исзвестување за напредокот на учениците

4. Поддршка на учениците
Севкупна грижа за учениците
Здравје
Советодавна помош за понатамошно образование на учениците
Следење на напредокот на учениците

5. Училишна клима

Училишна клима и односи во училиштето
Промовирања на постигнувањата
Еднаквост и правичност
Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

6. Ресурси
Сместување и просторни капацитети
Наставни средства и материјали
Обезбедување на наставен кадар
Следење на развојните потреби на наставниот кадар
Финансиско работење во училиштето

7. Управување, раководење и креирање политика
Управување и раководење со училиштето
Цели и креирање на училишната политика
Развојно планирање

Подрачје број 1: Наставни планови и Програми

Индикатори за квалитет:

1. Реализација на Наставните планови и Програми
2. Квалитет на Наставните планови и Програми
3. Воннаставни активности

1.1.Индикатор: Реализација на Наставните планови и Програми

Евалуација по теми:

Темата **Применувани Наставни планови и Програми** – ја евалуираме со **Мн. добро,** бидејќи применуваните Наставни планови и Програми се во целост усогласени со програмските документи од МОН и БРО и се реализираат во пропишаниот обем. Особено сме задоволни што наставата во училиштето веќе единаесет години, се одвива според новите Наставни планови и Програми кои во целост овозможуваат, не само сестрано развивање на личноста на учениците, туку, овозможуваат тие темелно да ги осознаат и применуваат најновите светски трендови на развојот на образованието од областа на ликовните уметности и дизајнот. Според Наставните планови учениците може да се образоваат во седум изборни подрачја: Сликарски дизајнер, Графички дизајнер, Вајарски дизајнер, Дизајнер за текстил и облека, Дизајнер за керамика, Дизајнер на ентериер, мебел и индустриски производи, и Мултимедиски дизајнер.

- Во овој дел училиштето добро работи и би требло овој квалитет на работа да го оддржува и во иднина.

Темата **Информираност на родителите и учениците за Наставните планови и Програми** – ја евалуираме со **Мн. добро,** бидејќи училиштето дава доволно можност родителите и учениците да се вклучат во планирањето и реализацијата на наставата,(преку Совет на родители и преку родителите – членови на Училишниот Одбор). Информирањето на родителите и учениците за Наставните планови и Програми се врши на родителските средби, и на класните часови. За Наставните планови може и секој да се информира и на училишната Веб страна која е во завршната фаза од подготовката.

- Во овој дел училиштето добро работи и би требло овој квалитет на работа да го оддржува и во иднина.

Темата **Изработување на индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби** – ја евалуираме со **Мн. добро,** бидејќи во училиштето има формирано инклузивен тим за работа со ученици со посебни образовни потреби (ПОП), има изготвено годишна програма за работа со деца со посебни потреби, има изготвени прилагодени програми за некои наставни предмети посебно каде е потребно и во текот на минатата учебна 2023/2024 година е вработен специјален едукатор и рехабилитатор (дефектолог) како стручен соработник кој помага како на учениците со ПОП така и на професорите кои имаат потреба за доработка на ИОП и оценување на учениците со ПОП. Во овој дел позитивно е тоа што секој наставник индивидуално, а со помош и поддршка на Психологот, Дефектологот и Директорот на Училиштетопо, и со помош на нивните персонални асистенти кои нивните родители приватно ги ангажираат, се прилагодува и редуцира наставната програма за работа со овие деца, што видливо дава резултати во работата со нив.

- Во овој дел училиштето добро работи и би требло овој квалитет на работа да го оддржува и во иднина.

Темата **Избор на наставни предмети** – ја евалуираме со **Мн. добро,** училиштето нуди седум изборни подрачја, за кои ученикот се определува при уписот и полагањето на приемент испит и програмата е така поделена по подрачја да сите ученици имаат општообразовни поредмети, стручни предемти и тесностручни предмети кои ги изучќуваат во своето образование и се тесно поврзани со подрајчето за кое ученикот се определил.

- Во овој дел училиштето добро работи и би требло овој квалитет на работа да го оддржува и во иднина.

Темата **Планирање активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето** – ја евалуираме со **Мн. Добро.** Во рамките на слободните часови/проектни активности, училиштето континуирано нуди и реализира програми за задоволување на интересите и желбите на учениците од областа на уметноста. Училиштето осигурува вклученост на учениците со посебни образовжни потреби во слободните часови.

- Во овој дел училиштето добро работи и би требло овој квалитет на работа да го оддржува и во иднина.

Темата **Реализација на проширени програми** – ја евалуираме со **Мн. Добро**,бидејќи наставните програми содржински се такви да успеваат да ги покријат различните можности и потреби на учениците, а и самите наставници изработуваат посебни програми за своите наставни предмети за Додатна и Дополнителна настава.

- Во овој дел училиштето добро работи и би требло овој квалитет на работа да го оддржува и во иднина.

1.2.**Индикатор:** Квалитет на Наставните планови и Програми

Евалуација по теми:

Темата **Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитиност во наставните програми и учебните помагала** – ја евалуираме со **Мн. Добро**, бидејќи училиштето прибира и разгледува мислења од родителите за наставните планови и програми и учебните помагала. Мора да нагласиме дека во ова училиште одсекогаш се негувал апсолутно еднаков пристап кон учениците од различна родова и етничка припадност и се поттикнувала мултикултурната сензитивност. Ова е така бидејќи ова е единствено училиште во Државата и секогаш се образувале ученици од сите градови и населени места, па со тоа и ученици од најразлична етничка припадност, и никогаш досега во тој однос немало никакви проблеми.

- Во овој дел училиштето добро работи и би требло овој квалитет на работа да го оддржува и во иднина.

Темата **Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**, - ја евалуираме со **Мн. Добро**, бидејќи во одреден број наставни програми има примери за интегрирање на особеностите на локалната средина, иако не во сите наставни програми.Сепак мора да нагласиме дека Училиштето често, во склоп на стручната настава реализира проекти со учениците и наставниците за потребите на разни институции и манифестации, не само во локалната средина туку и многу пошироко – во општината, градот па и Државата (со декорирање на разни ентериери и екстериери).

- Во овој дел училиштето добро работи и би требло овој квалитет на работа да го оддржува и во иднина.

Темата **Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието** – ја евалуираме со **Мн. Добро**, бидејќи во голем број наставни програми се вградени меѓупредметните цели кои наставниците ги почитуваат и со тоа се овозможува развивање на самодовербата и одговорноста кај учениците а воедно учениците се воспитуваат и така да ги почитуваат различностите и основните човекови права, кои се основа за здрави меѓучовечки односи во нашето мултикултурно општество.

- Во овој дел училиштето добро работи и би требло овој квалитет на работа да го оддржува и во иднина.

Темата **Влијание на наставниците и родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми** – ја евалуираме со **Мн. Добро**, бидејќи училиштето,

токму со своја иницијатива за измена на наставните планови и програми до БРО и МОН, успеа од пред единаесет учебни години да работи според нови осовремени Наставни планови и Програми. Сметаме дека со нив наставата во училиштето може да ги следи сите новини во областа на образование во ликовната уметност и дизајнот. Во оваа активност беа вклучени сите наставници со свои мислења и предлози, и со учество на Советот на родителите, и родителите - членови на Училишниот Одбор.

- Во овој дел Училиштето добро работи и би требло овој квалитет на работа да го оддржува и во иднина.

1.3.Индикатор: Воннаставни активности

Евалуација по теми:

Темата **Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности** – ја евалуираме со **Мн. Добро**, бидејќи вакви активности во училиштето се реализираат на специфичен начин, соодветен на карактерот на наставата од уметничкото образование. Во училиштето работат и секции од областа на музиката, драмска секција и др. Учениците често се ангажираат во разни воннаставни активности под менторство на своите предметни наставници, особено по предметите од уметничкото образование.

- Во овој дел Училиштето добро работи и би требло овој квалитет на работа да го оддржува и во иднина.

Темата **Опфатеност на учениците со воннаставните активности** ја евалуираме **Мн. Добро** бидејќи голем број на ученици се вклучени во воннаставни активности како планирање, организирање и учество на изложби како во нашата држава, така и надвор од неа. Групите се хетерогени и обезбедуваат меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. Училиштето обезбедува услови и ги вклучува учениците со посебни образовни потреби.

- Во овој дел Училиштето добро работи и би требло овој квалитет на работа да го оддржува и во иднина.

Темата **Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности** ја евалуираме **Мн. Добро** бидејќи учениците се вклучени во воннаставните активности по сопствен избор и низ транспарентна процедура.

- Во овој дел Училиштето добро работи и би требло овој квалитет на работа да го оддржува и во иднина.

Темата Афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставните активности ја евалуираме со **Мн. Добро**. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво. Учениците работат на проекти и самостојно преземаат и реализираат младински иницијативи. Училиштето, за афирмирање на воннаставните активности, соодветно ги користи различните медиуми (на пр. социјални мрежи, ученичка заедница, веб страната на училиштето и сл.).

Извори на податоци за евалуација на сите теми од трите индикатори за квалитет на подрачјето – Наставни планови и програми :

- Годишна програма за работа на училиштето
- Наставен план и Програми по кои работи училиштето, а донесени од МОН.
- Тематските планирања на учениците
- Нормативните акти на училиштето
- Педагошка евиденција и документација
- Записници од состаноците на активот по стручна настава, (уметничко образование)
- Записници од состаноците на Наставничкиот Совет на училиштето
- Записници од Училишниот Одбор
- Интервјуа со директорот, со психологот, со наставниците, родителите и учениците.
- Спроведени анкети за ученици (15), за родители (20), за наставници (15)
  сите овие анкети се давани по случаен избор и се пополнувани анонимно, што овозможи добивање на валидни податоци

Самоевалуацијата на подрачјето – Наставни планови и Програми ја изготви Комисија од училиштето во состав:

Тина Чачоровска - психолог, Претседател_____

Ѓорѓи Томовски – наставник, член _____

Сашо Бајрактаров – наставник, член _____

Ицко Петрески – наставник, член _____

Анализа, Извештај и Препораки за идни приоритетни активности од Самоевалуацијата во:
Подрачје број 1. Наставни планови и Програми, спроведена во Училиштето во периодот 2024-2026 година од страна на Комисијата во состав:

- Тина Чачоровска , психолог - претседател на Комисијата
- Ѓорѓи Томовски, наставник - член
- Сашо Бајрактаров, наставник - член
- Ицко Петрески, наставник – член

Комисијата изврши евалуација по сите зададени теми од трите индикатори за квалитет на подрачјето - Настави планови и Програми.
Индикаторите за квалитет беа:

1. Реализација на Наставните планови и Програми
2. Квалитет на Наставните планови и Програми

3. Воннаставни активности

Во Самоевалуацијата ги користевме сите валидни извори за добивање на потребните податоци и ги оценивме сите теми од трите индикатори.
Според оценките што објективно ги добија сите теми може да се констатира следното:

Јаки страни

- Примена на нови Наставани планови и Програми изработени од Училиштето, во соработка со БРО и одобрени од МОН, со успешна адаптација на потребите на сите ученици и постоечки услови за работа. Истите се реализираат во целост во пропишаниот обем.
- Наставен кадар кој настојува да се постигнат што подобри резултати со постоечките наставни средства и опрема, барање разни начини за соработка со локалната средина која и те како е потребна за оваа струка и реализација на Наставните планови и Програми во целост.
- Еднаков пристап за сите ученици (без разлика на пол, вера, нација и друга разлика). Значи, кон учениците од различна родова и етничка припадност се негува апсолутно еднаков пристап и се поттикнува мултикултурната сензитивност. Наставниците даваат голема подршка на надарените и талентираните ученици, но и голема помош на оние со послаби резултати.
- Позитивен став кон воннаставните активности кои даваат голема сатисфакција за ученикот, наставникот и училиштето.
- Соработка со родителите за подобар успех на нивните деца, наши ученици.
- Прифаќање на проекти и соработки со локалната заедница и пошироко, кои се од интерес за развој на училиштето.
- Прифаќање на децата со посебни образовни потреби и други потешкотии во учењето, нивна потполна инклузија во наставниот процес и приспособување на Наставните програми на децата со посебни образовни потреби

Анализа на резултатите:

Од извршената анализа на документите и собраните податоци од спроведените анкети, воочивме дека Наставните планови и Програми се реализираат во целост. Од пред единаесет години Училиштето работи по нови Наставни планови и Програми кои овозможуваат, не само сестрано развивање на личноста на учениците, туку, овозможуваат тие темелно да ги осознаат и применуваат најновите светски трендови на развојот на образованието од областа на ликовните уметности и дизајнот. Тие се достапни за сите субјекти, кои можат да допринесат за поуспешно совладување на наставните содржини. Училиштето е на добар пат да ги надмине традиционалните форми на настава и да помине кон современ начин на реализирање на истата по Европски стандарди. Наставниот кадар, преку редовната настава, додатната настава и воннаставните активности учествува во неколку проекти за осовременување на наставата, (соработка со повеќе ликовни колонии, странски амбасади,...). Посебно внимание им се посветува на вонредно талентираните ученици со додатна настава и вон наставни активности, и им се овозможува учество на разни училишни изложби со свои творби. Главната забелешка со која се соочивме при

анализата е недоволната финансиска спремност на училиштето за реализитање на сите задачи за учениците предвидени со Наставните Програми.

Претседател на подррачјето 1. Наставни планови и Програми

Тина Чачоровска – Психолог _____

Подрачје број 2: Постигнувања на учениците

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на следниве индикатори:
2.1 Постигнувања на учениците
2.2 Задржување / осипување на учениците
2.3 Повторување на учениците

2.1 Постигнувања на учениците	
Документи кои се прегледани	***Кои информации се собрани ?***
2.1 Постигнувања на учениците Записници од Наставнички совет на училиштето Записници на Стручната служба на училиштето Годишни, полугодишни и тромесечни извештаи на училиштето	2.1.1 Во однос на следењето на постигнувањата на учениците од различен пол, по наставни предмети, по класификациски периоди, училиштето располага со податоци и редовно ги следи нивните постигнувања. Етничката припадност не се забележува како варијабила во следењето на постигнувањата, бидејќи процентот на учениците од различна етничка припадност е многу мал. 2.1.2 Во училишето се преземени мерки за подобрување на учениците со: - Осовременување на наставните средства и помагала; - Примена на различни наставни методи; - Вклучување на учениците во изработка на проекти ; - Држење на дополнителна и додатна настава; - Систематско следење на успехот и редовноста на учениците; - Зголемување на редовноста на учениците; - Анкети со родителите и учениците; - Примена на пофалби; - Учество на учениците на училишни и други изложби. Постојат уверувања дека постигнувањата можат да се подобрат и секогаш се остава простор за преземање конкретни активности. 2.1.3 Училиштето обезбедува поддршка во редовната настава на учениците со потешкотии во учењето. Во врска со учениците со атипичен развој, училиштето и преку комисија ги разгледува можностите и креира начин за поддршка и помош во нивниот развој и учење. Забележлива е и идентификација на надарените ученици, особено за стручните предмети. Сепак додатна, како и дополнителна настава не се одржуваат редовно по сите наставни предмети. 2.1.4 Во училиштето се реализира дополнителна настава за ученици што покажуваат послаб или незадоволителен успех. 2.1.5 Во однос на постигнувањата на учениците при премин од едно во

Анализа на успехот по предмети и по класификациски периоди во период од 2021 / 2022 до 2022/2023 2023 / 2024 година	друго ниво на образование, се следат во училиштето со можности за подобрување на разликите во постигнувањата со развивање на поставената стратегија. 2.1.6 Училиштето ги следи резултатите од интерното оценување по полова припадност и по наставни предмети, со заклучок дека бројот на учениците што не ги положиле интерните предмети е многу мал. **Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност по наставни предмети и по квалификациони периоди** – ја евалуираме со **многу добар**. - **Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби-** ја евалуираме со **мн. добар.** - **Подобрувања на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава -** ја евалуираме со **–добар.** - **Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование** ,ја евалуираме со **– мн.добар.** - **Еднаква вклученост на учениците(од различен пол, етничка припадност, атипичен развој) во постигањата при реализација на еколошката програма,**ја евалуираме со **мн.добар**. Еколошката програма на училиштето се реализира на дел од часовите од општообразовната настава по претходно изработена програма.Тоа е програма вклучена во годишната програма на училиштето со теми од екологијата кои се реализираат како наставни теми за час. Со самото тоа на ниво на паралелка,сите ученици, без разлика на пол, етничка припадност и атипичен развој се вклучени во реализација на темата.

Техники	Собрани информации
2.1. Постигнувања кај учениците **Прашалник за учениците**	**1. Наставниците редовно организираат дополнителна настава по сите предмети.** **се согласувам (12,2 %)** **делумно се согласувам (38,2 %)** **не се согласувам (50,6 %)** **2. За подобрување на постигнувањата во наставата еднакво се важни дисциплината и активното учество во наставата во текот на часот.** **се согласувам (69,7 %)** **делумно се согласувам (26,3 %)** **3. Редовноста е еден од основните фактори за подобрување на постигнувањата во наставата.** **се согласувам (71,1 %)** **делумно се согласувам (15,8 %)** **не се согласувам (13,2)** **4. Наставниците во секое време ни се достапни и максимално ни помагаат во реализација на наставната програма.** **се согласувам (34,2 %)** **делумно се согласувам (47,4 %)** **не се согласувам (18,4 %)** **5. Наставниците воведуваат иновации во наставата, часовите се интересни.** **се согласувам (23,7 %)** **делумно се согласувам (55,3 %)** **не се согласувам (23,7 %)** **6. Наставниците ни даваат пофалби истакнувајќи го нашиот успех.** **се согласувам (36,8%)** **делумно се согласувам (42,1 %)** **не се согласувам (21,1%)** **7. Психологот секогаш им е достапен на учениците кои имаат потреба од совети и помош.** **се согласувам (52,6 %)** **делумно се согласувам (26,3%)** **не се согласувам (21,1)** **8. Библиотеката располага со голем фонд на книги кои учениците во секое време може да ги користат.** **се согласувам (7,9 %)** **делумно се согласувам (36,8%)** **не се согласувам (55,3 %)** **9. Оценувањето е јавно и правично.** **се согласувам (36,8 %)** **делумно се согласувам (60,5 %)** **не се согласувам (2,6 %)**

Прашалник за родителите	**1. Постои соработка на релација наставник – родител.** **се согласувам (89,5 %)** **делумно се согласувам (10,5%)** **2. Редовно сум информиран за редовноста и постигнувањето во наставата на моето дете.** **се согласувам (89,5 %)** **делумно се согласувам (10,5)** **3. Училиштето соработува со родителите за да ја зголеми редовноста, дисциплината и успехот на учениците.** **се согласувам (84,2 %)** **делумно се согласувам (15,8 %)** **4. Наставниците им даваат пофалби на учениците истакнувајќи го нивниот успех.** **се согласувам (57,9 %)** **делумно се согласувам (42,1%)** **5. Родителот навреме презема мерки со цел неговото дете да не ја повторува годината.** **се согласувам (100 %)** **6. Добро функционира Советот на родители.** **се согласувам (89,5 %)** **делумно се согласувам (10,5 %)** **7. Родителите се запозанаени со пропишаните процедури на училиштето за идентификување и анализирање на причините за повторување на учебната година.** **се согласувам (100 %)** **8. Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.** **се согласувам (89,5 %)** **делумно се согласувам (10,5%)** **9. Моето дете редовно присуствува на дополнителна настава којашто се организира по одделни предмети.** **се согласувам (63,2 %)** **делумно се согласувам (26,3%)** **не се согласувам 10,5%)**
Прашалник за наставници	**1. Училиштето редовно ги следи постигнувањата на учениците според полот, по наставни предмети и по класификациски периоди.** **се согласувам (89,5 %)** **делумно се согласувам (10,5%)** **2. Наставниците ги идентификуваат надарените ученици во училиштето и организираат додатна настава за истите.** **се согласувам (73,7%)** **делумно се согласувам (21,1%)** **не се согласувам (5,3)**

	3. Во училиштето се организира дополнителна настава по сите предмети. **се согласувам (47,4%)** **делумно се согласувам (52,6%)** **4. Наставниците обезбедуваат поддршка во редовната настава на учениците кои имаат тешкотии во учењето.** **се согласувам (91,7 %)** **делумно се согласувам (8,3%)** **5. Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование.** **се согласувам (89,5 %)** **делумно се согласувам (10,5 %)** **6. Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настава и презема активности за подобрување на состојбата.** **се согласувам (89,5 %)** **делумно се согласувам (5,3%)** **не се согласувам (5,3)** **7. Училиштето презема мотивирачки мерки со цел да се намалат неоправданите отсуства на учениците.** **се согласувам (78,9 %)** **делумно се согласувам (21,1 %)** **8.Процентот на ученици што го напуштаат образованието е мал** **се согласувам (84,2%)** **делумно се согласувам (15,8)** **9. Училиштето ги анализира причините за повторување на учениците и презема мерки за намалување на нивниот број.** **се согласувам (84,2 %)** **делумно се согласувам (5,3 %)** **не се согласувам(10,5)** **10. Учениците и родителите се запознаени со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.** **се согласувам (89,5 %)** **делумно се согласувам (10,5)** **11. Училиштето ги доставува потребните информации за образовниот развој на ученикот кој преминува во друго училиште.** **се согласувам (89,5 %)** **делумно се согласувам (10,5%)**

ЗАДРЖУВАЊЕ – ОСИПУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

2.2.1 Опфат на учениците што завршуваат или не го завршуваат образовниот циклус

2.2.2 Редовност во наставата

2.2.3 Осипување на учениците

2.2.4 Премин на учениците од едно во друго училиште

<table>
<tr><th>Документи кои се прегледани</th><th>Кои информации се собрани?</th></tr>
<tr><td>2.2 Задржување – осипување на учениците

• Записници од Наставничкиот совет на училиштето

• Записници од Стручната служба на училиштето

• Анализа на успехот и редовноста во период од 2021 – 2024 година




• Увид во педагошката евиденција


• Разговор со психолог

• Статут на училиштето

• Записници од средби со родителите</td><td>2.2.1 Бројот на учениците што не го завршуваат образовниот циклус е многу мал и варира во мали граници од година во година.
ТАБЕЛА 1 : Преглед на ученици коишто не ја завршиле наставната година
<table>
<tr><th>Година</th><th>Запишани</th><th>Завршиле</th><th>Не завршиле</th></tr>
<tr><td>2024/2025</td><td>241</td><td>241</td><td>0</td></tr>
<tr><td>2025/2026</td><td>229</td><td>228</td><td>2</td></tr>
</table>
Како причини се наведуваат слабиот успех во учењето по скоро сите предмети, нередовноста во наставата како и недоволна контрола од страна на родителите.
2.2.2 Училиштето редовно и систематски ја следи редовноста на учениците, презема активности за нејзино подобрување со многу поголема соработка со родителите и со психологот на училиштето (советувања со ученици и родители).
ТАБЕЛА 2 : Учениците кои се осипале го напуштиле образованието по пол и етничка припадност во период од 2024 до 2026година
2.2.3 Во училиштето не се забележани идентификувани групи по пол и по етничка припадност кои се повеќе подлежни на осипување. Се преземаат конкретни активности со анализирање на причините за напуштање на образованието преку редовни разговори на наставниците и психологот со учениците и нивните родители.
2.2.4 Училиштето успешно ја реализира задачата при премин на учениците од едно во друго училиште.</td></tr>
<tr><td>Техники</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
</table>

2.2 Задржување на учениците	Спроведена е анкета за добивање на информации од наставниците, родителите и учениците за причините за осипување на учениците во училиштето.

• Прашалник за ученици	• Редовноста е еден од основните фактори за подобрување на постигнувањата во наставата:  • Психологот секогаш им е достапен на учениците кои имаат потреба од совети и помош 
• Анкета за наставниците	• Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности за подобрување на состојбата  • Училиштето презема мотивирачки мерки со цел да се намалат неоправданите отсуства на учениците :



Темата **Осипување на учениците** – ја евалуираме со **мн. добар**.

Премин на учениците од едно училиште во друго – ја евалуираме со **мн. добар**. Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго.

2.3 ПОВТОРУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ


2.3.1 Ученици што не ја завршуваат годината

Документи кои се прегледани	***Кои информации се собрани?***
2.3.1 Ученици што не ја завршуваат годината • Записници од Наставничкиот совет на училиштето • Записници на Стручната служба на училиштето • Анализа на успехот и редовноста во период од 2021 – 2024 година • Увид во педагошката евиденција • Разговор со психолог • Статут на училиштето	2.3.1 Од извршената анализа утврдено е дека воопшто, односно минимален број на ученици ја повторуваат годината. Главни причини за повторување на учениците се незаинтересираноста на учениците за наставниот процес, нередовноста во наставата, слабиот успех по скоро сите предмети како и слабата контрола од страна на родителите. Училиштето прави големи напори за надминување на појавата за повторување на годината од страна на учениците преку заедничка соработка со наставниот кадар, класните раководители и родителите.


Техники	***Кои информации се собрани?***

<table>
<tr>
<td><u>2.3</u> Повторување на учениците


• Прашалник за родители</td>
<td>• Родителот навреме презема мерки со цел неговото дете да не ја повторува годината


• Родителите се запознати со пропишаните процедури на училиштето за идентификување и анализирање на причините за повторување на учебната година



• Училиштето соработува со родителите за да ја зголеми редовноста, дисциплината и успехот на учениците

</td>
</tr>
<tr>
<td>• Прашалник за наставници</td>
<td>• Училиштето редовно ги следи постигнувањата на учениците според полот, наставни предмети и класификациски периоди


• Училиштето ги анализира причините за повторување на учениците и презема мерки за намалување на нивниот број</td>
</tr>
</table>



- Учениците и родителите се запознати со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година



ЗАДРЖУВАЊЕ-ОСИПУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ПОВТОРУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ	Временската рамка 2024 – 2026 година не бележи голема бројка помеѓу бројот запишани ученици и бројот ученици кои не ја завршиле учебната година. Сумирани, како причини за осипување на учениците се наведуваат, иселувањето и осипување поради лични причини. Не се забележува категорија на ученици (ниту според социјален статус, ниту по етничка припадност) кои се подложни на осипување. Училиштето активно ја следи состојбата на осипување на учениците и креира механизми за нејзино спречување. Во училиштето е минимален бројот на ученици кои повторуваат. Анализата покажува дека најчести причини за повторување се недостигот од лична мотивација, и забележително отсуство од настава. Училиштето навремено ги информира учениците и родителите за успехот и тие навремено можат да преземаат мерки за ученикот да не повторува. Исто така тие се информирани со пропишаните процедури за идентификување и анализирање на причините за повторување на учебната година и можноста за поднесување жалба . Не се забележува повторување на учениците од одредено социјално потекло или етничка припадност.

Темата **Ученици што не ја завршуваат годината** – ја евалуираме со **мн. добар**.

Клучни јаки страни

- Континуирано , систематско и стратешко следење на постигнувањата на учениците од еден во друг циклус на образование.
- Незначителен број на ученици ја повторуваат годината.

- Училиштето редовно ја анализира и надминува појавата на повторување на годината од страна на учениците преку меѓусебната соработка на наставниот кадар во училиштето.
- Континуирано следење на редовноста на учениците.
- Редовно одржување на родителски средби, индивидуални средби и советувања со психологот на училиштето.
- Редовна информираност на родителите.
- Реализирање на дополнителна настава и соработка со ученици на кои им е потребна дополнителна помош.
- Следење на ученици со атипичен развој и поставување на различни цели.
- Развивање на креативноста на учениците за уметничко изразување.
-

Слаби страни

- Мотивирање на учениците за посета на додатна и дополнителна настава .
- Зголемување на активностите за подобрување на редовноста на учениците.
- Потребата од збогатување на библиотечниот фонд во училиштето.
-

Приоритетни потподрачја (оддели) од ова подрачје кои можат да бидат вклучени во развојниот план на училиштето

- Континуирани и конкретни активности за подобрување на постигнувањата на учениците.
- Зголемување на активностите за подобрување на редовноста .
- Преземање активности за зголемување на мотивацијата за учење кај учениците.
- Преземање мотивирачки активности за редовно и навремено присуство.

Подрачје број 2. Постигања на учениците, спроведено во Училиштето во периодот 2021 - 2024 година од страна на Комисијата во состав:

- Елена Дуковска , наставник - претседател на Комисијата _____

- Елена Лазаревска, наставник – член _____

- Елена Андреевска, наставник – член _____

- Даниела Костова, наставник – член_____

Подрачје бр. 3: Учење и настава

Бр.	Индикатори за квалитет	Теми:
3.1	**Планирање на наставниците** **План за работа на инклузивниот тим на ИОП**	• Поддршка и следење на планирањето на наставниците • Индивидуални планирања на наставниците • Размена на искуства и информации при планирањето • Распоред на часови • Вклучување на еколошките содржини во индивидуалните планирања на наставниците согласно еколошката програма • Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП и остварува соработка со ресурсните центри и други релевантни институции
3.2	**Наставен процес**	• Наставни форми и методи • Употреба на ИКТ во наставата • Избор на задачи и активности на ресурси • Интеракција помеѓу наставниците и учениците • Интеракција помеѓу наставниците и учениците во реализација на еколошките проекти и точки на акции од воспоставените еко стандарди • Приод на наставникот кон учениците • Следење на наставниот процес
3.3	**Искуства на учениците од учењето**	• Средина на учење • Атмосфера на учење • Поттикнување на учениците за превземање одговорност • Поттикнување на учениците за превземање одговорност во реализација на еколошките проекти и точки на акции од воспоставените еко стандарди • Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето
3.4	**Задоволување на потребите на учениците**	• Идентификување на образовните потреби на учениците • Почитување на различните потреби на учениците • Обезбедување и одржување на здрава и чиста животна средина за работа и учење
3.5	**Оценувањето како дел од наставата**	• Училишната програма за оценување - Методи на оценување • Користење на информациите од оценувањето во наставата

3.6	**Известување за напредокот на учениците**	• Известувањезанапредоктнаучениците

3.1.	**Планирање на наставниците** **Теми и прегледанидокументи**	Собрани информации и методи кои се користени Прегледани документи
3.1.1	**Поддршка и следење на планирањата на наставниците** Годишен развоен план Годишна програма на училиштето Годишна програма за работа на психологот Стручно мислење, сугестии, консултации План за работа на инклузивниот тим на ИОП	- Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн.добар** . - Училиштето им дава поддршка на наставниците преку: - Посета на часови и анализа на часовите од страна на психологот и директорот - Увид во тематски планови и увид во е-дневник - Сугестија за примена на интерактивни техники и методи - Прифаќање и воведување во работата на новиот наставен кадар, почетници, од страна на психологот и доделување ментор - Распоредот на часови е изработен согласно Наставниот план и почитувајќи го најдобриот интерес на ученикот. Училиштето навреме изработува распоред за додатна и дополнителна настава, слободни часови/проектни активности и тој се реализира според предвидената динамика.
3.1.2	**Индивидуални планирања на наставници** - Професионални досиеа на наставниците кај психологот на училиштето – Насоки за спроведување и реализација на наставата од МОН БРО и ДИЦ -Програма на вонаставни активности -Програма за додатна и дополнителна настава	Оваа тема на индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн. добар** затоа што наставниците подготвуваат: − Годишен глобален план − Тематско планирање − Дневни подготовки за час − Програма за вонаставни активности − Програма за додатна и дополнителна настава − Изготвени стандарди за оценување

3.1.3	**Размена на искуства и информации при планирањето**	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн. добар** затоа што: Преку интерно свикани состаноци училиштето врши:

	-Годишна програма на стручен актив -Записници од стручен актив -Годишна програма за работа на психологот -План за работа изготвен од тимот на ИОП -Разговори и стручни консултации со директорот	− Размена на искуства на ниво на стручен актив за наставната програма и нејзино реализирање − Размена на искуства за примена на интер-активните техники и методи − Соработка со инклузивниот тим на ИОП
3.1.4	**Распоред на часови** - Стручна служба на училиштето, наставник по информатика, во консултации со Директорот и наставниците	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн. добар**, затоа што : - Распоредот на часовите е направен според просторните и кадровските можности во училиштето, почитувајќи ги најдобрите интереси на учениците
3.1.5	**Вклучување на еколошките содржини во индивидуалното планирање на наставниците согласно еколошката програма**	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн. добар**, затоа што :
	-Преглед на Е-дневник -Тематски планирања на наставниците со вметнати содржини од еколошка програма по предметите од општообразовна настава	Наставниците од општообразовна настава имаат интегрирани еколошки содржини и точки на акции од воспоставените еко стандарди кои се реализираат на класните часови преку интерактивен разговор, анализа и соодветно делување по поставените еко стандарди согласно еколошката програма

3.2	**Наставен процес** **Теми и прегледани документи**	Собрани информации и методи кои се користени
3.2.1	Наставни форми и методи -Преглед на е-дневник -Посета на часови -Изработени проекти на учениците	Оваа тема од индикаторот на квалитетет ја оценуваме со **Мн. добар**, затоа што : Наставниците применуваат повеќе наставни форми и методи за поуспешна реализација на наставата -Индивидуална работа, работа во групи, истражување, примена на интерактивни техники, изработка на проекти во материјал, изложби и др. - Наставниците успешно ги развиваат клучните компетенции за доживотно учење
3.2.2	**Употреба на ИКТ во наставата**	Оваа тема од индикаторот на квалитетет ја оценуваме со **Мн. добар**, затоа што :

	-Во повеќето училници има функционално мрежно поврзани компјутери -Голем број од наставниците се обучени и применуваат ИКТ за нови образовни потреби во наставата - Спроведување на наставниот процес на далечина со користење на Microsoft Teams	-Наставниците успешно ги развиваат индивидуалните способности за учење на секој ученик со употребата на ИКТ и учениците со нејзината успешна примена добиваат компетенција и мотивација за што поуспешно истражување, креативност при реализирањето на зададените задачи од наставниот процес
3.2.3	**Избор на задачи, активности и ресурси** - Годишен развоен план на училиштето - Годишна програма на стручен актив - Библиотека во училиштето - Интернет - Нагледни сретства: стручна литература , алати за практична настава	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Делимно задоволува** поради тоа што, сметаме дека училиштето има потреба од зголемен фонд на стручна литература и потрошен материјал за стручна настава ,алати за стручна настава , со што би се подобрил квалитетот на на ставниот процес. -Наставниците работат по наставен програм кој придонесува за развивање на индивидуалните вештини за учење на секој ученик -Задачите сто се работат во училиштето или дома се добро испланирани и се реализираат во даден временски рок Учениците користат ресурси (средства и материјали) од училиштето, а дел и сами набавуваат) -Интернет и библиотека -Нагледни средства, алати за практична настава
3.2.4	**Интеракција меѓу наставниците и учениците** - Увид на час од страна на директорот - Увид на час од страна на психологот - Записници од Н.совети и класни совети -Родителски средби - Преглед на е-дневник - Записници од стручен актив	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн. добар**, поради тоа што: - Наставниците ги споделуваат целите на наставната програма и очекуваните резултати од секоја фаза на учењето со учениците -Се користат разни методи за интеракција со учениците што се во насока на градење на довербата меѓу наставниците и учениците - Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди (во однос на културните разлики, способностите, физичкиот хендикеп, интелектуалната попреченост и др.)

3.2.5	**Интеракција меѓу наставниците и учениците во реализација на еколошки теми и точки на акции по воспоставените еко стандарди**	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн. добар**, поради тоа што: -Наставниците ги поттикнуваат учениците да го искажат своето мислење и истото е сериозно земено во предвид при решавање на проблеми и одлучување во реализацијата на еколошките теми од наставниот процес преку воспоставените еко стандарди
	-Преку воспоставените еко стандарди -Преку увид на листа на учество на ученици во реализација на еколошки теми, еко патроли	
3.2.6	**Приод на наставникот кон учениците**	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн. добар**, поради тоа што: -Машките и женските ученици подеднакво се третирани при испрашувањето и оценувањето -Сите ученици подеднакво ги користат ресурсите во индивидуалната настава -Не постојат стереотипи за машки и женски активности и професии
	Увид и следење на часовите од страна на Директорот и психологот на училиштето	
3.2.7	**Следење на наставниот процес**	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн. добар** , поради тоа што : -Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес. Секој наставник се посетува на час барем еднаш во секое полугодие од учебната година од страна на Директорот и психологот
	- Континуирано следење на е-дневник -Статистики на успехот од секој квалификационен период од страна на психологот на училиштето - Записници од наставнички совет - Записници од стручен актив - Програма за работа на директор/стручна служба; анкети/интервјуа со наставниците и со учениците, професионално досие на наставникот	

3.3	**Искуства на учениците од учењето** **Теми и прегледани документи**	**Собрани информации и методи кои се користени**
3.3.1	**Средина за учење (училишни простории)**	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн. добар** , затоа што : -Училниците и другите простории во училиштето делуваат како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење - Ликовно идејните решенија се изложуваат на соодветни места во училницата и училиштето почитувајќи ги естетските норми - Редовно се менуваат и секој ученик добива можност да има изложен труд - Сите ученици учествуваат во активностите за време на часот и го искажуваат своето мислење при решавањето и одлочувањето во проблемите - Учениците се охрабруваат од страна на наставниците самостојно да размислуваат и активно да се вклучат во учењето и наставата -Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми, поттикнува , мотивира и остварува соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето
	Посетана училишните простории анализа на заклучокот од страна на психологот, директорот, наставниците и членовите на Училишниот одбор.	
3.3.2	**Атмосфера за учење**	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн. добар** , затоа што: -Најголемиот дел од наставниците не ги критикуваат учениците пред други ученици или возрасни. -Сите ученици учествуваат во активностите за време на часот. - Учениците сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и тоа да биде земено во предвид при решавањето проблеми и одлучувањето во текот на наставниот процес. - Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење, како доволно инклузивно, со поголем број училници и други простории што потикнуваат интерес за учење - Заедничкиот училишен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него доволно го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на
	-Увид на часовите од страна на Директорот и психологот на училиштето -Анкета за учениците, записници од разговорите со ученичката заедница, родителите, наставниците, увид во ученичките досиеја	

		државата - Трудовите на учениците се изложуваат и се внимава на видливоста и пристапноста на местото каде што се изложени и на целта на изложувањето

3.3.3	**Поттикнување на учениците за превземање на одговорност** -Програма на воннаставни активности по предмети и оддели на ниво на цело училиште - Преку објективно оценување и самооценување на учениците според стандардите за оценување -Историја -Бизнис и претприемништво	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме **Мн. добар** затоа што: -Училишната средина ги стимулира и ги мотивира подеднакво машките и женските ученици од различно етничко и социјално потекло и учениците со различни стилови на учење преку разновидни проекти со ликовна содржина -Уучениците имаат можност да го искажат своето мислење и тоа да биде сериозно земено во предвид при решавањето на ликовни проблеми и нивната реализација -Училиштето низ организирани форми поттикнува , мотивира и остварува соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето - Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието, е применливо и корисно во реалниот живот и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество
3.3.4	**Поттикнување на учениците за превземање одговорност во реализација на еколошките проекти и точки на акции од воспоставените еко стандарди** -Преку увид на е-дневник -Преку учество на изложби со еколошки теми на ниво на училиште	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн. добар**, затоа што: **-**Наставниците редовно ги споделуваат знаењата и искуствата и ги поттикнуваат учениците активно да учествуваат во реализација на еколошката програма и користат позитивни приоди за нивна мотивација (преку пофалби кога е тоа соодветно)
3.3.5	**Интеракција на учениците меѓу себе и возрасните во училиштето**	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн. добар**, затоа што:

	-Учество во проекти на ниво на училиште, тематски изложби во изложбениот простор во училиштето -Активно учество во наставниот процес и во сите воннаставни активности	Учениците се охрабруваат да превземат лична одговорност, самостојно да размислуваат и активно да се вклучат во учењето и наставата, преку истражување, учество во проекти, негување на клима на меѓусебна соработка, и преку нивна инвилвираност во класната и училишната заедница. -Координирање на учениците преку педагошко-психолошката служба за отварање на нови идеи и иницијативи

3.4.	**Задоволување на потребите на учениците**	Собрани информации и методи кои се користени
	Теми и прегледанидокументи	
3.4.1	**Идентификување на образовните потреби на учениците**	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн. добар** затоа што: -Наставниците ги стимулираат учениците преку наставната програма. Има меѓусебна комуникација и предлози од двете страни за што поинтересен пристап и нови техники при реализирањето на на проектите од практичната настава. - Можност за користење на интернет за прибирање на информации и анализи - Поттикнување на натпреварувачки дух на различни полиња од наставата.
	-Наставните програми на предметите - Увид на е-дневник -Евиденција на ученици -Педагошко-психолошка служба и увид во планот од ИОП - Записници од разговорите со ученичката заедница, родителите и наставниците	
3.4.2	**Почитување на различните потреби на учениците**	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн. добар** затоа што: -На наставниците им се дава подршка за да можат да ги задоволат индивидуалните потреби на учениците преку работата на стручниот актив, преку соработката со психологот и тимот на ИОП -Дискусии со учениците за нивните потреби и интереси
	-Наставните програми -Годишната програма за работа на психологот -Увид во планот на ИОП -Додатна и дополнителна настава -Воннаставни активности	

3.5	**Оценувањето како дел од наставата** **Теми и прегледанидокументи**	Собрани информации и методи кои се користат
3.5.1	**Училишна политика за оценување** -Стандарди за оценување -Критериуми за оценување -Увид на часови од страна на Директорот и психологот -Јавност во оценувањето - Од страна на Училиштето и Стручната служба изготвен е план за ИОП - Училиштето има оформено инклузивен тим за примена на ИОП - Записници од ИОП	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн. добар** затоа што наставниците ги изгласаа универзалните стандарди и критериуми за објективно оценување и тие се имплиментирани во наставниот процес - Наставниците ја користат можноста за аналитичко оценување и самооценување. - Приодите во оценувањето од страна на наставниците им овозможуваат на учениците да ги подобруваат и да ги оценуваат постигнувањата на учениците со пречки во развојот согласно изготвениот ИОП
3.5.2	**Методи и форми на оценување** - наставна програма од сите предмети - записници од стручен актив - Училиштето редовно го ажурира електронскиот дневник	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн. добар** затоа што наставниците користат методи за евидентирање на напредокот на учениците преку : - реализација на наставните задачи - јавна презентација и анализа - усни излагањеа - ангажираност и активност на час - примена на стандарди и критериуми при оценувањето
3.5.3	**Користење на информациите од оценувањето во наставата** - Увид во е-дневник -Професионални досиеја на наставниците	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн. добар** затоа што: - Наставниците стават голем акцент на вреднувањето на тековните постигања на учениците и идентификување на идните активности што се применуваат во учењето и подучувањето - Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник

3.6	**Известување за напредокот на учениците** **Теми и прегледанидокументи**	Собранииинформации и методикоисекористат

3.6.1	**Известување за напредокот на учениците**	Оваа тема од индикаторот на квалитет ја оценуваме со **Мн. добар**, затоа што: - Наставниците ги информираат учениците за успехот преку усно, јавно образложување на оцената - Родителите се информираат на родителски средби со кл. раководител, со предметните наставници и на средби со психологот на училиштето - Описно информирање за постигнатите резултати и насоки за подобрување на успехот - Евидентни листови на ученици - Приемни денови за родители и наставници - Информирање на родителите преку советодавната работа на психологот која се врши според месечен и неделен план за советување изготвен од страна на психологот и преку донесениот план на тимот на ИОП - Најчесто родителите имаат пристап до електронскиот дневник, а во случај да немаат се известуваат преку телефонски пораки и e-mail
	- Записници од родителски средби - Евидентни листови - Приемни денови за соработка со родители - Извештаи за реддовност и поведение од психологот на училиштето - Писмено известување на родителите - статистика за успех од секој квалификационен период - советодавна работа на психологот и тимот на ИОП со учениците и родителите - Користење на е-дневник и e-mail	

Изработиле:
Сузана Поп Икономова наставник, Претседател_____

Ристе Ставревски - наставник, член _____

Мирјана Крстевска – наставник, член _____

Тина Чачоровска - наставник, член _____

АНАЛИЗА И ИЗВЕШТАЈ од самоевалуацијата Подрачје број 3.Учење и настава

Спроведена во Училиштето во периодот октомври 2024 год. од страна на комисијата во состав:
-Сузана Поп – Икономова – претседател на комисијата
-Ристе Ставревски – наставник, член
-Мирјана Крстевска- наставник, член
- Тина ЧАчоровска – наставник, член
Комисијата изврши еваулација по сите зададени теми од шестте индикатори за квалитет од подрачјето - Учење и настава
Индикаторите за квалитет беа:
1.Планирање на наставниците
2.Наставен процес
3.Искуства на учениците од учењето
4.Задоволување на потребите на учениците

5.Оценувањето како дел од наставата
6.Известување на напредокот на учениците
Во самоеваулацијата ги користевме сите валидни извори за добивање на потребните податоци и ги оценивме сите теми од шестте индикатори за квалитетот.
Според оцените што објективно ги добија сите обработени теми може да се констатира следното:

Јаки страни
*Наставниот кадар има изготвено годишни и тематски планирања и дневни подготовки кој ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на час.
*Примена на изготвен развоен годишен план изработен од страна на Директорот на училиштето.Училиштето им дава поддршка на наставниците преку стручно мислење,сугестии и консултации за што поуспешна реализација на наставниот процес.
*Наставниот кадар разменува искуства и идеи за наставниот процес преку состаноците на стручниот актив во училиштето.
*Распоредот на часовите кој го изработува стручната служба на училиштето е во најдобар интерес за учениците и за успешно реализирање на наставниот процес.
*Наставниот кадар применува иновативни интерактивни методи и форми во наставата,идентификувајки ги индивидуалните потреби на учениците за успешно реализирање на наставните теми.
*Во наставниот процес се промовира атмосфера на взаемно почитување,помош и почитување на религиската припадност.
*Наставниот процес се реализира во мотивирачка и стимулирачка средина која поттикнува интерес за учење и творење.
*Училиштето има дефинирана политика за оценувањето.Тоа се врши преку дефинирани стандарди за оценување со кој учениците и родителите транспарентно се запознаени.Наставниот кадар целосно ги искористува информациите добиени од оценувањето и самооценувањето од страна на учениците,за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставниот процес.
*Наставниците целосно го спроведуваат планот за додатна и дополнителна настава со цел за усовршување на вештините кај учениците
*Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.За таа цел се користат формални и неформални средби,групни и индивидуални средби со родителите и преку пишани извештаи со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет.
*Користење на е-дневник

Слаби страни
- Комисијата од подрачјето **учење и настава** по извршената исцрпна анализа и спроведена анкета донесе заклучок дека по дадените индикатори од ова подрачје од самоевалуацијата на училиштето истото ги спроведува во најдобар ред и затоа во ова подрачје не се идентификувани слаби страни.

Анализа на резултатите:
Од извршената анализа на документите и собраните податоци од спроведената анкета воочивме наставниот процес се реализира во целост со примена на наставните планови и програми од областа на ликовните уметности и дизајнот. Училиштето преку наставниот процес ги стимулира учениците за што поуспешно реализирање на наставната програма.Посебно внимание им се посветува на вонредно талентираните ученици.

Препораки за идни активности:
Да се продолжи со промовирањето на професионална,мотивирачка и стимулативна атмосфера помеѓу наставниот кадар и учениците,се со цел за да се дојде до што поквалитетен наставен процес со извонредно ликовно креативни резултати.

Претседател на комисијата
Наставник Сузана Поп-Икономова_____

ПОДРАЧЈЕ 4. Подршка на учениците

4.1 Севкупна грижа за учениците
4.2 Здравје
4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците
4.4 Следење на напредокот

Самоевалуацијата е реализирана со анализа на состојбите во училиштето и со извршена анкета спроведена кај наставниците, родителите на учениците и учениците. Сите одговараа на ист примерок на поставени 16 прашања од 4-те тематски содржини на Подрачје 4.

4.1 Севкупна грижа за учениците

4.1.1 Заштита од физички повреди и елементарни непогоди

- делумно задоволува

Образовниот процес во училиштето се одвива во повеќе училишни објекти. Во два објекта каде што се изведува стручна настава условите се делумно безбедни. Објектот каде што се реализира настава по сликарство е стар, санира објект. Објектот со ателјеа по керамика и графика е реконструиран во 2006г., но поради пропусти во изведбата и поставеноста на соседниот објект постои опасност од пукнатините на ѕидовите. Останатите објекти се безбедни за изведување на настава.

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишните згради и училишниот двор. Учениците користат заштитна опрема при реализација на наставните содржини за стекнување на практични вештини. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за учениците.

Во училиштето има вработени со вештини за давање на прва помош на ученици при несреќни случаи и вработен со сертификат за давање на прва помош. Просторија за прва помош нема, но има опрема/пакет за укажување на прва помош.

Училиштето има План за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии и други несреќи. Во училиштето има шеми за движење во случај на елементарни непогоди.

Во училишниот простор има внатрешни и надворешни хидранти, громобранска инсталација, ПП-апарати и училиштето има склучено договор со фирма за нивно сервисирање.

Во училиштето не се изведува симулација бидејќи се чекаат насоки од Дирекцијата за заштита и спасување.

Училишните објекти се осигурани од пожар и поплава, опремата не е осигурана, кај вработените нема интерес за осигурување, учениците не се осигурани.

4.1.2 Превенција од насилство

- многу добро

Училиштето има пишан документ - Кодекс на куќниот ред во кој е дефинирано однесувањето на учениците и вработените за време на наставата, вонаставните активности и за време на одморите.

Училиштето има програма во која се дефинирани сите облици на насилство, како што се: психичко/емоционално насилство, физичко насилство, сексуално насилство, електронско насилство, семејно насилство и Булинг. Психологот организира работилници со учениците секоја година, посебно со секој клас на кои се дискутира за сите облици на насилство.

Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците. Протоколите за постапување доследно се применуваат и се достапни до сите. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Жртвите, родителите на жртвите и/или сведоците на насилство се запознаени со своите права и процедурите за поднесување на поплаки, а во случај на поплака училиштето постапува навремено и непристрасно.

4.1.3 Заштита од пушење, алкохол и дрога

- делумно задоволува

Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање наркотични супстанци, која подразбира дека во училиштето не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Училиштето може успешно да се справи со овие појави во училишнот двор и по завршувањето на наставата.

Потребни се пишани процедури за регистрирање на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. Во училиштето не се реализираат предавања за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичките сретства.

Потребно е на видни места во училиштето да се постават знаци и натписи за забрана на пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и користење на наркотични супстанци.

4.1.4 Квалитет на достапна храна

- делумно задоволува

Во училиштето не е предвидена исхрана на учениците. Училиштето не обезбедува увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во негова непосредна околина. Потребно е да се организираат кампањи за здрава исхрана.

4.1.5 Подршка на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост

- делумно задоволува

Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со ПОП. Во соработка со стручното лице се усогласуваат програмите според индивидуалните потреби на ученикот. Училиштето се грижи за учениците со ПОП како и за нивна интеграција во образовниот процес и исто така соработува со родителите во обезбедување на грижата. Во училиштето нема ученици со телесни пречки во развојот. Пристапот во училишните згради не е секаде прилагоден на потреби на ученици со телесни пречки во

развијот. Просторот во училниците не овозможува нивно самостојно движење, а во училиштето не постои посебен тоалет со таква намена.

4.1.6 Грижа за ученици од социјално загрозени семејства

- делумно задоволува

Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување на материјални сретства за учениците што заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици.
Доколку класниот раководител детектира дека постои ваков проблем со кој се соочува семејството училиштето во рамките на своите можности и во соработка со локалната заедница (амбасади, надворешни соработници, ЦСР и други надлежни институции) прави напори за обезбедување на материјални средства за исполнување на училишните задачи за учениците од социјално загрозени семејства.

4.2 Здравје

4.2.1 Хигиена и заштита од болести

- делумно задоволува

Ходниците, скалите и подовите во училниците и останатиот простор се чистат еднаш во денот, а прозорците и вратите по еднаш во секое полугодие. Тоалетите за наставниците и учениците се чисти во секое време од денот. Дворот на училиштето е чист од секаков вид на отпадоци, а земјаната површина е позеленета и редовно се одржува. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Во програмата за работа на психологот предвидена е соработка со Центарот за јавно здравје преку кој се организираат на годишно ниво работилници одржани од стручни лица од центарот на тема превенција од заразни болести. Во случај на појава на заразна болест училиштето усвојува договорна процедура за заштита од нејзино ширење.

Вработените и учениците редовно вршат систематски прегледи, а учениците редовно примаат вакцини.

Училиштето ги реализира воспоставените еко-стандарди кои се дел од годишната програма на училиштето со цел постигнување на високо ниво на хигиена и заштита на здравјето на учениците и вработените.

4.2.2 Грижа за ученици со здравствени проблеми

- делумно задоволува

Училиштето нема пропишани процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава.

Училиштето има договорни процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава.

Процедурите се спроведуваат во практика на иницијатива на класниот раководител во соработка со родителите.

4.2.3 Грижа за ученици со емоционални тешкотии

- делумно задоволува

Училиштето нема пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми.

Училиштето преку педагошко-психолошката служба постојано ја следи емоционалната состојба на учениците во соработка со предметните професори и класните раководители. Доколку се идентификуваат емоционални проблеми, без оглед на изворот (семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството..) стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во вакви ситуации и ако има потреба да ги упати до релевантни институции.

Во прогрмата за работа на психологот предвидена е едукација преку советување, групно и индивидуално. Исто така предвидени се и работилници на тема ментално здравје кај младите.

Училиштето има договорни процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми.

4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

4.3.1 Пружање на помош при избор на занимање или институција за понатамошно образование, усовршување или вработување

- делумно задоволува

Информациите за можностите за понатамошното образование, доусовршување или вработување што училиштето им ги обезбедува на учениците се јасни, точни и релевантни. Наставниците им помагаат на учениците да се пронајдат себеси во согласност со нивните лични способности и интереси. Преку образовниот процес училиштето им нуди на учениците добро организирана практична работа. Училиштето организира активности за професионална ориентација на учениците само по барање на надворешни субјекти. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование, доусовршување или вработување е ограничена и се нудат само општи информации на барање на родителите и учениците.

Потребен е структуриран пристап на подготовка на учениците како: тестирања за професионална ориентација, помош при изработка на кратка биографија и подготовка за интервјуа при вработување.

4.4 Следење на напредокот

4.1.1 Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците

- многу добро

Наставниците водат целосна евиденција за напредокот и постигнувњата на учениците, нивната присутност и редовност. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

4.1.2 Анализа на напредокот на учениците по паралелки

- делумно задоволува

Класните раководители подготвуваат извештаи по квартали за својата паралелка и тие се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се достапни за сите други наставници и родителите.

Потребно е наставниците да подготвуваат извештаи по квартали врз основа на индивидуалните евиденции за учениците кои ќе се доставуваат на увид на стручната служба. Овие анализи и извештаи ќе се користат за подобрување на воспитно образовниот процес и треба да бидат достапни до останатите наставници, родителите и учениците.

АНАЛИЗА И ИЗВЕШТАЈ
од самоевалуацијата

Комисијата изврши евалуација по сите зададени теми, а за самоевалуацијата се користени сите валидни извори за добивање на податоци и резултатите од спроведената анкета.

Јаки страни

- Генерално училишните згради се безбедни за изведување на наставата;
- Училиштето има изработено Пронценка на загрозеност и План за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии и други несреќи;
- Во училиштето има вработен со сертификат за давање на прва помош и има опрема/пакет за укажување на прва помош;
- Училиштето има пишан документ - Кодекс на куќниот ред во кој е дефинирано однесувањето на учениците и вработените за време на наставата, вонаставните активности и за време на одморите;
- Психологот организира работилници со учениците секоја година, посебно со секој клас на кои се дискутира за сите облици на насилство;
- Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците;
- Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на учениците, а во случај на поплака училиштето постапува навремено и непристрастно;
- Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање наркотични супстанци;
- Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со ПОП. Во соработка со стручното лице се усогласуваат програмите според индивидуалните потреби на ученикот;

- Училиштето во рамките на своите можности и во соработка со локалната заедница прави напори за обезбедување на материјални средства за исполнување на училишните задачи за учениците од социјално загрозените семејства;
- Во програмата за работа на психологот предвидена е соработка со Центарот за јавно здравје преку кој се организираат на годишно ниво работилници одржани од стручни лица од центарот на тема превенција од заразни болести;
- Вработените и учениците редовно вршат систематски прегледи, а учениците редовно примаат вакцини;
- Училиштето ги реализира воспоставените еко-стандарди кои се дел од годишната програма на училиштето;
- Училиштето преку педагошко-психолошката служба постојано ја следи емоционалната состојба на учениците во соработка со предметните наставници и класните раководители;
- Во прогрмата за работа на психологот предвидена е едукација преку советување, групно и индивидуално. Исто така предвидени се и работилници на тема ментално здравје кај младите;
- Наставниците им помагаат на учениците да се пронајдат себеси во согласност со нивните лични способности и интереси;
- Наставниците водат евиденција за напредокот и постигнувњата на учениците;
- Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Слаби страни

- Наставниците немаат обука за давање на прва помош на учениците при несреќни случаи;
- Наставниците немаат обука за делување во кризни ситуации (користење на ПП апарати и сл.) и не изедуваат симулации;
- Потребни се пишани процедури за регистрирање на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање наркотични супстанци и постапување при секое отстапување од нив;
- Потребно е во соработка со локалната заедница да се обезбеди проверка на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во непосредната околина;
- Потребно е да се организираат кампањи за здрава исхрана;
- Потребно е пристапите во училишните згради да се приспособат за ученици со телесни пречки во развојот. Исто така треба да се оспособат тоалети за таква намена;
- Потребно е да се развијат механизми за поттикнување на соучениците во давањето помош и водењето грижа за децата со ПОП и деца со телесни пречки во развојот;
- Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување на материјални средства за ученици кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата;
- Училиштето нема пропишани процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава;
- Училиштето нема пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми;
- Училиштето не организира подготовка на учениците за избор на понатамошното образование или вработување преку добро структурирани пристапи како што се:

самооценување на вештините и интересите на учениците, тестирања за професионална ориентација, помош во изработка на кратка биографија, подготовка за интервју за работа;

- Не се прават извештаи од страна на наставниците по квартали врз основа на индивидуалните евиденции за учениците.

Анализа на резултатите

Од направената анализа воочивме дека:

Училишните згради генерално се безбедни за изведување на настава, но потребни се обуки на наставниците за постапување при евентуални несреќи и елементарни непогоди како и изведување на симулации.

Училиштето има Кодекс на куќниот ред во кој е дефинирано однесувањето на учениците и вработените за време на наставата, вонаставните активности и за време на одморите.

Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на учениците, а во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците. Педагошко - психолошката служба постојано ја следи емоционалната состојба на учениците и е обучена да им помогне на учениците и/или родителите во конфликтни ситуации.

Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со ПОП. Во соработка со стручното лице се усогласуваат програмите според индивидуалните потреби на ученикот.

Училиштето има договорни процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава.
Наставниците водат евиденција за напредокот и постигнувњата на учениците, класните раководители подготвуваат извештаи по квартали за својата паралелка, но потребно е да се прават дополнителни анализи со цел да се подобри образовниот процес и резултатите на учениците.

Наставниците им помагаат на учениците да се пронајдат себеси во согласност со нивните лични способности и интереси, но потребно е да се посвети внимание на подготовката за избор на понатамошното образование или вработување. Училиштето прави напори за обезбедување на материјални средства за исполнување на училишните задачи за сите ученици, но потребно е да се воспостават процедури за обезбедување на материјални средства за ученици кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата. Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање наркотични супстанци. Училиштето нема воспоставени процедури за проверка на квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во неговата непосредна околина.

Училиштето и вработените кои се одговорни за хигиената во него прават напори сите простории и дворот да бидат чисти, но поради тоа што образовниот процес се одвива во повеќе објекти и поради природата на наставните процеси (работа со гипс, глина, сликарски бои..) потребно е да се зголеми бројот на вработени кои ќе ја оддржуваат хигиената.

Идни активности кои произлегуваат од самоевалуацијата на Подрачје 4:

- Потребни се обуки на наставниците за давање на прва помош на учениците при несреќни случаи;
- Потребни се обуки на наставниците за делување во кризни ситуации (користење на ПП апарати и сл.) и изедување на симулации;
- Потребно е да се воспостават процедури со кои ќе се обезбедува проверка на квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во неговата непосредна околина;
- Потребно е да се спроведуваат кампањи за здрава исхрана;
- Потребно е пристапите во училишните згради да се приспособат за ученици со телесни пречки во развојот. Исто така треба да се оспособат тоалети за таква намена;
- Потребно е да се развијат механизми за поттикнување на соучениците во давањето помош и водењето грижа за децата со ПОП и деца со телесни пречки во развојот;
- Потребни се пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми како и соработка со релевантни институции како што се здравствени установи, центарот за социјална работа и др.;
- Потребни се пропишани процедури за обезбедување на материјални средства за ученици кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата и да се оствари соработка со локалната заедница и со другите релевантни институции;
- Потребно е да се зголеми бројот на вработени кои ја оддржуваат хигиената;
- За подобра информираност на учениците во однос на нивното понатамошно образование потребно е да се превземат активност за промовирање на образовните институции како: истакнување на плакати, организирање на трибини, посета на високообразовни институции;
- Потребно е училиштето да организира подготовка на учениците за избор на понатамошното образование или вработување преку добро структурирани пристапи (самооценување на вештините и интересите на учениците, тестирања за професионална ориентација, помош во изработка на кратка биографија, подготовка за интервју за работа).

Емилија Здравковиќ наставник - претседател на комисијата _____

Цветанка Гегај – член _____

Кристина Пауновска – член_____

Гоце Стоилковски - наставник – член_____


ПОДРАЧЈЕ БР. 5 У Ч И Л И Ш Н А К Л И М А		
Бр.	**ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ**	**ТЕМИ**
5.1	**УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** -МНОГУ ДОБРО	• УГЛЕД/ИМИЏ НА УЧИЛИШТЕТО Училиштето е препознатливо со многу добар квалитет на работење и постигнувањата на учениците во различни области. Училиштето е инклузивно, се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед. • КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ Училиштето има кодекс на однесување, во кој се поставени принципите правилата на однесување во училиштето (на раководниот кадар, наставниците, стручните соработници, административно-техничкиот персонал, учениците и родителите). Во изработката на кодексот учествуваа претставници на сите структури во училиштето, а при негово усвојување е спроведена демократска процедура со учество на истите. Во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, училишто има пишани процедури за реагирање и таквите ги спроведува во практика. • УЧИЛИШНА КЛИМА Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените, заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетители на училиштето. Сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничка припадност, верата и потеклото) се чувствуваат еднакво прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето. • ПОВЕДЕНИЕ И ДИСЦИПЛИНА ВО УЧИЛИШТЕТО Учениците и вработените ги почитуваат демократски усвоените правила на однесување на училиштето,. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Учениците се совесни и соработуваат со кадарот, меѓусебно и учтиво се однесуваат.

		Учениците се совесни, учтиво се однесуваати соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки, реагира со изрекување на писмени педагошки мерки и записници во врска со поведението и дисциплината и пристапува со еднаквост во третманот кон сите учениците. Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди и/или пишани графити со негативни пораки. • УЧЕСТВО НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ДОНЕСУВАЊЕТО ОДЛУКИ И РЕШАВАЊЕТО ПРОБЛЕМИ Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) Ученичката заедница е демократски формирана во училиштето и истата учествува во донесување на одлуки. Таа во реализација на својата програма добива поддршка од училиштето (менторска, логистичка, психолошка итн.). Учениците се целосно и навремено информирани од ученичката заедница за сите прашања што се од нивен непосреден интерес, и придонесуваат во решавањето на проблемите и донесување одлуки во врска со истите. Активностите за младинско учество се иницираат, се планираат и се реализираат од страна на учениците/ученичката заедница во согласност со програмата за работа на ученичката заедница и ученичкиот парламент. **Извори на податоци:** Кодекс на однесување. Анкети за родители, ученици и наставници. Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки за учениците. Статут на училиштето. Куќен ред на училиштето. Пофалби, награди, признанија и др. Програма и правилник за работата на ученичката заедница. Записници од состаноци на ученичката заедница. Записници од советувања.
5.2	**ПРОМОВИРАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА** -МНОГУ ДОБРО	• ПРОМОВИРАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставничкиот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците, исто така, имаат високи очекувања од самите себе и од другите; имаат аспирации за повисоки постигања на ниво на училиште Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање.. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамки на училиштето и во поширокаата локална средина. Учениците имаат

		можности (согласно своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности. • ПРОМОВИРАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА ВО ИМЕ НА УЧИЛИШТЕТО Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво. На ликовните конкурсите или екипни натпревари се јавуваат сите ученици без разлика на етнички состав. Училиштето има развиен систем на наградување на учениците кои постигнале успех и за наставниците кои го помогнале тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето. **Извори на податоци:** Годишна програма за работа на училиштето. Изложени трудови на ученици. Веб страна на училиштето. Паноа со ученички дела. Медиумско промовирање на постигањата на учениците. Интервју со наставници и стручни соработници, ученици и родители, правилник за избор на првенец на генерацијата; педагошка евиденција.
5.3	**ЕДНАКВОСТ И ПРАВИЧНОСТ** -МНОГУ ДОБРО	• ПОЗНАВАЊЕ И ПРАКТИКУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА Сите вработени во Училиштето ги знаат и почитуваат правата и обврските на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето организира состаноци и средби со родителите за да ги запознае со правата на децата., но и нивните обврски. • ЕДНАКОВ И ПРАВИЧЕН ТРЕТМАН НА СИТЕ УЧЕНИЦИ Сите вработени во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците знаат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди, дискриминација и др.

		• ПРИФАЌАЊЕ И ПРОМОВИРАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Учениците ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат. Училиштето реализира заеднички наставни и воннаставни активности со балансирани хетерогени групи. **Извори на податоци:** Педагошка евиденција и документација во однос на вклученост на учениците во воннаставните активности. Изборни подрачја. Интервјуа со ученици, родители и стручни соработници. Прашалници за родители и ученици. Дневник за работа на уметничкиот совет. Дневник за работа на стручните соработници; записници од наставнички совет. Критериуми за избор на ученик на генерација.
5.4	**ПАРТНЕРСКИ ОДНОС СО РОДИТЕЛИТЕ И СО ЛОКАЛНАТА И ДЕЛОВНАТА ЗАЕДНИЦА** -МНОГУ ДОБРО	• СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО РОДИТЕЛИТЕ Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето презема активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на воспитнообразовната работа на училиштето на сите нивоа. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби, приемни денови, или електронска комуникација. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во училишниот одбор. Процедурите обезбедуваат во составот на училишните органи застапеност на членови од различни етнички заедници. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. • СОРАБОТКА СО ОПШТИНАТА И УРБАНАТА ЗАЕДНИЦА Училиштето е вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Преку остварувањето заедничките проекти со заедницата, се подобруваат условите за работа во училиштето.

		• СОРАБОТКА СО ДЕЛОВНАТА ЗАЕДНИЦА И СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирано учење преку работа/практичната обука и спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни. (стопански организации, занаетчиски работилници, комори и здруженија). Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата, **Извори на податоци:** Годишен извештај за работата на училиштето; записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници;; записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници; на учениците; добиени спонзорства и донации; проекти на училиштето во функција на развивање на практичните вештини на учениците;



Кристина Матевска – наставник по Бизнис_____

Наташа Јовковска – наставник по Историја на уметност_____

Мариглен Демири - наставник по филозофија_____

Бојан Чесмациски - наставник по Историја_____

Анализа, Извештај и Препораки
за идни приоритетни активности од подрачје број
5. Училишна клима и односи во училиштето:

ЈАКИ СТРАНИ

- Училиштето е многу добро препознатливо по високиот квалитет на работа и постигања на учениците во уметничките области;
- Наставничкиот кадар ужива респект кај родителите и има важна улога во одржувањето на добрата атмосфера во училиштето;
- Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него;
- Училиштето има Кодекс на однесување и Кодекс на однесување при учење на далечина**;**
- Учениците се грижат за училиштето, едни за други, без разлика на род, етничка припадност, вера и потекло;
- Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки;
- Училиштето има развиен систем за информација на родителите за успехот и поведението на учениците;
- Прифаќање на планови и предлози, нови идеи, проекти од страна на наставниот кадар и учениците;
- Соработка со повеќе Амбасади и учество на проекти
- Спремност од страна на учениците да влезат во реализација на проекти.

СЛАБИ СТРАНИ

- Училиштето нема воспоставено континуирана соработка со граѓански сектор и деловната заедница

Анализа на резултатите:

Државното средно училиште за ликовна уметност и дизајн „Лазар Личеноски„ - Скопје е од посебен државен интерес. Ова училиште секогаш било со висока квалификациона структура на наставници, не само искусни педагози, туку активни и афирмирани уметници, творци кои интензивно работат во своите ателјеа и редовно учествуваат на јавни настапи, често и наградувани, не само во нашата земја, туку и пошироко.

Постои позитивен однос и добра комуникација кон учениците и колегите, добра организација на наставата со материјално технички услови за работа. Генерално односот и соработката во сите сектори и релации во нашето училиште и степенот на заемно почитување е на многу добро ниво. Воведен е и правилник за наградување на учениците кои постигнуваат особени резултати, подеднакво вклучувајќи ги и учениците со ПОП .

Голем дел од родителите, учениците и наставниците се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Се гордеат затоа што учат во училиште кое образува кадри за ликовна уметност и дизајн, додека учениците се посебно

горди со сопствениот придонес на годишните изложби, учество на проекти и конкурси често и наградувани, не само во нашата земја, туку и пошироко.

Идни активности:

- Зголемување на соработката и градење на партнерски врски на нашето училиште со сродни училишта од меѓународната средина, зголемување и продлабочување на соработката со релевантни институции, локалната заедница, деловната заедница и со граѓанскиот сектор.

Претседател на комисијата за Подрачје 5

Кристина Матевска

Подрачје број 6: Ресурси

Индикатори за квалитет:

1. Сместување и просторни капацитети
2. Наставни сретства и материјали
3. Обезбедување на потребниот наставен кадар
4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар
5. Финансиско работење во училиштето

6.1 Индикатор : Сместување и просторни капацитети

Евалуација по теми:

— Темата **Просторни услови** – ја евалуираме со **Делумно задоволува,** бидејќи е утврдено дека и покрај тоа што просторните капацтети се максимално искористени, училиштето не поседува доволно адекватни училници и заеднички простории. Училниците делумно ги задоволуваат потребите за настава бидејќи големината на голем дел од нив не соодветствува на бројот на ученици по паралелки. Констатирано е дека покрај простор, недостасува и светлина во ателјеата. Речиси секоја струка и стручен наставник има барем по една училишна работилница во која учениците стекнуваат вештини и знаења. Но, не постојат расположливи капацитети за воннаставни активности за голем број од предметите иако капацитетите се користат оптимално од речиси сите членови на училиштето. Недостасуваат пристапни рампи, држачи по ѕидовите и простор за движење на учениците со количка. Во училиштето недостасува спортска сала за реализација на часовите по предметот Спорт и спортски активности.

Училиштето превзема мерки за подобрување на просторните услови во училиштето. Постапката за изнаоѓање трајно решение за подобрување на просторните услови е во тек.

— Темата **Искористеност на просторните капацитети** ја свалуираме со **Многу добро** бидејќи просторните услови во училиштето се во целост искористени за потребата на наставата по уметничките и теоретските предмети. Во делот на уметничката настава каде истата се одвива во кабинети (ателјеа), одредени уметнички предмети се оптимално сместени според потребите и побарувањата на предметот. Теоретската настава се одвива во кабинети, но со оглед на просторните капацитети, мал дел од наставниците делат кабинет.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на настава и на воннаставните активности со што ги задоволува потребите на учениците .

Извори на податоци: Анкети со наставници и Директор; Годишна програма за работа; план/програма за развој на училиштето; записници од просветната и санитарната инспекција; распоред на часови; записници од работата на стручните активи.

6.2 Индикатор : Наставни средства и материјали

— Темата **Опременост со стручна литература и наставни сретства и помагала** ја евалуираме со **делумно задоволува** бидејќи реалната потреба на училиштето од стручна литература за уметничката настава е голема и бара обновување со нови наслови, монографии, списанија и други публикации од соодветни области како и нивно постојано надополнување за која цел е потребно определување на поголем фонд на средства за таа намена. Со наставните средства и помагала кои постојат во училиштето ситуацијата е слична бидејќи е потребно нивно континуирано обновување. Неопходна е набавка на нова аудиовизуелна и ИКТ опрема за соодветните предмети, спортски реквизити и нагледни сретства. Наставниците и учениците понекогаш имаат ограничен пристап до наставните средства и материјали потребни за учењето и наставата.

Училиштето делумно ги утврдува потребите за наставни средства и помагала бидејќи нема систем за следење на нивната употреба, одржување и набавка на нови. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет, но училиштето нема доволно соодветни нагледни средства, материјали и помагала за учениците со посебни образовни потреби. Училиштето не располага со стручна литература и наставни сретства од областа на мултикултурата, еколошкото образование и заштита на животната средина што делумно соодветствува со наставните процеси.

— Темата **Училишна библиотека** ја евалуираме со **делимно задоволува** бидејќи постојат книги и литература кои не ги задоволуваат целосно потребите на училиштето, некои од наслoвите во истата се застарени и е потребно определување на повеќе финансиски средства за обнова и купување на нови наслови и нови публикации и нови едукативни книги од соодветни области. Нема посебна просторија за библиотека.

Иако нема доментација за изработка на развојни планови, последната година со новиот библиотекар, за библиотеката се изработува развоен план и се прават постојани напори да се обнови литературата и да се набават нови наслови за што сведочат добиените донации од МАНУ. Училишната библиотека не располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, но електронски ја води библиотечната евиденција при што се користи соодветен софтверски систем за евидентирање книги и непречено библиотечно работење. Библиотеката која истовремнео е и кабинет за предметна настава е добро уредена, но не располага со компјутер иако има пристап до интернет. Библиотеката е отворена за користење од страна на учениците и наставниците во текот на еден училиштен ден. Во библиотеката има литература на јазиците што се изучуваат во училиштето, но нема литература за мултикултура и екологија.

— Темата **Потрошен Материјал** ја евалуираме со **делумно задоволува** бидејќи материјалите кои ги поседува училиштето делумногу задоволуваат реалните потреби во текот на годината . Потребите за потрошен материјал во делот на уметничката настава се огромни и тоа на секојдневна база. Постојат и многу други

скапи потрошни материјали кои се од суштествена потреба, но нема можности да бидат набавени. Врз основа на анкетата е утврдено дека секој наставник по барање на Директорот на училиштето подготвува список со потребни помагала за квалитетна изведба на наставата. Но минимално се инвестира по дадените барања.

Во овој дел училиштето сепак би требало повеќе да ги прецизира ваквите потреби да продолжи со напорите да се добијат драстично поголеми средства за набавка на потрошниот (уметнички) материјал . Училиштето ја планира набавката на основниот материјал, но набавката не ги задоволува реалните потреби на училиштето.

— Темата **Училишна реална или виртуелна компанија** ја евалуираме со **не задоволува** бидејќи нема функционална регистрирана реална или виртуелна компанија. Заклучокот е дека нема.

— Темата **Училишни работилници за практична обука опремени со машини, уреди, апарати и алати** ја евалуираме со **делумно задоволува** бидејќи училиштето делумно располага со машини, уреди, апарати и алати што ги користат учениците за практична обука. Опремата не се одржува редовно и нема можности редовно да ја заменува старата и амортизирана опрема со нова.

Извори на податоци: Анкета и интервју со библиотекрар; анкета со наставниците, стручната служба и директорот; увид во библиотечната евиденција; анкета со учениците; документација за планирани и набавени потрошни материјали; годишната програма; записници од стручните активи; список на стручна литература од областа на еколошкото образование и заштитата на животната средина; увид во училишните работилници, машините, уредите, апаратите и алатите за практична обука.

6.3 Индикатор : Обезбедување на потребниот наставен кадар

— Темата **Број на вработени и соодветност на наставен кадар** – ја евалуираме со **Многу добро**, бидејќи училиштето поседува наставен кадар по сите предмети од уметничката и теоретската настава согласно нормативите. Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитнообразовниот процес, но нема доволно кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби. Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Работата на наставничкиот кадар соодветно е поддржана од страна на административно-техничкиот персонал. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж.

— Темата **Ефективност и распоредување на кадарот** ја евалуираме со **Многу добар**, бидејќи училиштето, наставниот кадар по сите предмети од уметничката и теоретската настава соодветно и оптимално го распределува согласно нормативите и наставниот план. Ефективноста на распределбата на наставниот кадар е на високо ниво кога ќе се земат сите фактори предвид како просториите на располагање, бројот на паралелки (оддели), и задоволување на одредени норми во распоредот (немање празни часови, вкупен број на часови дневно и неделно,

почеток и крај на наставата итн.). Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид соодветната квалификација согласно нормативот, искуството и професионалниот развој на наставникот. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.

— Темата **Стручната служба како поддршка на Наставниот кадар** ја оценуваме со **Многу добар** , бидејќи во голем број на ситуации иако се работи за интегрирана стручна служба во еден човек (кадар) и психолог и педагог во исто време , потребите на наставниците за поддршка во овој дел се во целост и навремено задоволени. Училиштето има стручна служба која им помага на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка. Но, училиштето нема дефектолог кој би обезбедувал поддршка на наставничкиот кадар за работа со деца со посебни образовни потреби.

Извори на податоци: Досиеја на вработените; акт за организација и систематизација на работните места; записник од разговорот со директорот и со наставниците; годишна програма за работа на училиштето; програма за работа на стручната служба.

6.3 Индикатор : Следење на развојните потреби на наставниот кадар

— Темата **Професионален развој на наставниците** ја евалуираме со **Делумно задоволува** бидејќи училиштето несистемски ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Училиштето повремено обезбедува поддршка за професионален развој на наставниците. Училиштето има изработено план за професионален развој на наставниците, но на барање на поединци. Во ретките случаи кога има обуки, успешно се врши дисеминација на знаењето на кадарот. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Наставничкиот кадар и стручната служба имаат професионални досиеја.

Во овој дел треба да се систематизираат и идентификуваат потребите на наставниците за професионален развој како и да се обезбеди финансиска поддршка за истата цел, и да се осмислат внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот.

Извори на податоци: Анкета со стручната служба, наставниците и со директорот; програма за професионален развој на наставничкиот кадар; професионално досие на наставник/стручен соработник.

6.5 Индикатор : Финансиско работење на училиштето

— Темата **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење** ја евалуираме со **Делумно задоволува**. Постапките што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Во комисиите за јавни набавки задолжително има барем еден член од УО, така што се почитува принципот во комисиите за јавните набавки да учествуваат претставници од сите структури на УО. Раководниот кадар превзема мерки за зголемување на финансиските извори, но финансиите се нередовно обезбедени пред се поради фактот што училиштето е финансикси контролирано од МОН. Училишниот одбор добива редовни известувања за трошењето на средствата, но не го следи редовно наменското трошење на сретствата . При креирање на финансискиот план не се зема предвид предлогот на ученичката заедница за обезбедување средства за реализација на активности на ученичката заедница.

Во овој дел треба да се инсистира на редовни и фиксни средства (годишни или квартални) за финансирање на наставата, потрошните материјали и училишната опрема во училиштето со цел нивно планско и оптимално користење.

— Темата **Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет** ја евалуираме со **Делумно задоволува** бидејќи Училиштето нередовно ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето на средствата и тоа најмногу УО, а во помала мера и другите органи: наставнички и уметнички совети и советот на родители (што се огледа и во анкетите , бидејќи голем дел од испитаниците не се доволно или воопшто информирани). Раководниот кадар не консултира дел од одговорните лица за прашањата поврзани со ресурсите чии информации се важни за да се обезбеди економичност, ефикасност и правичност во распоредувањето на финансиските сретства. Буџетските приоритети не се секогаш поврзани и не ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето, а исто така не предвидуваат финансиски средства за еколошки активности и за реализација на приоритетите на ученичката заедница. И во овој дел треба да се инсистира на редовни и фиксни средства (годишни или квартални) за финансирање на наставата, потрошните материјали и училишната опрема во училиштето со цел средствата да се искористат плански и оптимално и дополнително редовно да се информираат сите тела и заедници во училиштето за финансиското трошење особено во делот на наставните сретства и материјали и се што е поврзано со наставата.

Извори на податоци: Финансиски план, развоен план/програма и годишната програма за работа; анкета и интервју со директорот /наставниците, УО; совет на родителу, записници и одлуките на УО; записници од разговорите со Советот на родители и ученичката заедница; записници од разговори со екоодборот; склучени договори, тендери за јавни набавки; понуди;; програма на ученичката заедница; финансиски извештај.

Изработиле:

- Мирослава Трујковиќ – Претседател_____
- Марија Петковска – член_____
- Ристе Ставревски – член_____
- Боро Арсовски – член_____

Анализа, Извештај и Препораки за идни приоритетни активности од Самоевалуацијата во Подрачје број 6: Ресурси

Спроведена во Училиштето во периодот 2024 - 2026 година од страна на Комисијата во состав:

- Мирослава Трујковиќ – Претседател
- Марија Петковска – член
- Ристе Ставревски - член
- Боро Арсовски – член

Комисијата изврши евалуација по сите зададени теми од петте индикатори за квалитет на подрачјето - Ресурси.

Индикаторите за квалитет беа:

1. Сместување и просторни капацитети
2. Наставни сретства и материјали
3. Обезбедување на потребниот наставен кадар
4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар
5. Финансиско работење во училиштето

Во самоевалуацијата ги користевме сите валидни извори за добивање на потребните податоци и ги оценивме сите теми од трите индикатори.
Според оценките што објективно ги добија сите теми може да се констатира следното:

Јаки страни

- Постојат оптимални просторни услови согласно наставниот план во училиштето кои максимално се искористуваат и со кои се обезбедува основниот предуслов за квалитетно сместување, прегледност и организација кои придонесуваат за квалитетот на наставата и остварување на целите од истата во координација со распоредот на часови.

- Наставниот кадар е способен да ги превземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето и е целосно во согласност со нормативите . Наставниот кадар по сите предмети од уметничката и теоретската настава соодветно и оптимално е распределен согласно нормативите и наставниот план, ефективноста на распределбата на наставниот кадар е на високо ниво кога ќе се земат предвид сите фактори како: бројот на паралелки и оддели и простории во

училиштето. Наставниците ефективно придонесуваат за квалитетна работа на училиштето и успешно работат како тим во рамки на активи.

- Стручната служба на училиштето квалитетно си ги извршува своите задачи со тоа што е отворена за соработка со наставниците , учениците и родителите на сите нивоа на проблеми (групни и индивидуални).Со тоа наставниот кадар ја има сета потребна поддршка во однос на тековните проблеми.

Слаби страни

- Опременоста на училиштето со стручна литература и наставни сретства и помагала е на ниво кое делумно задоволува и на кое треба да се поработи.Стручната литература треба постојано да се обновува исто како и наставните средства и помагала кои во некои делови недостасуваат или ги нема доволно.
- Просторните услови делумно задоволуваат во однос на уметничката и теоретската настава, но потребно е да се изнајде решение за спортска сала која е потребна по предметот Спорт и спортски активности.
- Во училишната библиотека недостасуваат книги од областа на уметничките предмети односно ги има недоволно, и е потребно да има поголем годишен фонд за набавка на нова литература и списанија од областа на уметноста како и набавка на еко литература.
- Потрошните материјали кои ги обезбедува училиштето се недоволни за покривање на целокупните потреби на училиштето и поголемиот дел од материјалите ги набавуваат самите ученици односно родители. Мора да се зголеми финансискиот прилив по однос на оваа ставка за да се дојде до прифатливо ниво на материјали.
- Не постојат систематизирани начини за анализа на потребите на наставниот кадар за професионален развој и се се сведува на обуки од страна на БРО или напори на поедини наставници да изнајдат соодветни обуки за нивниот предмет. Нема доволно обуки ни за еко- одборот.
- Постапките што ги спроведува училиштето вооднос на финансиите се во согласност со законските норми и раководниот кадар презема мерки за зголемување на финансиските извори, но финансиите се нередовни и неплански обезбедени. Земајќи ги предвид сите аспекти и сите релевантни фактори и страни при трошењето на средствата , сепак сретствата се трошат наменски онаму каде што се најмногу потребни , Училишниот одбор добива редовни известувања за трошењето на средствата, но не го следи редовно нивното наменско трошење.
- Транспарентноста за трошењето на финансиските сретства треба да се подобри и да се најдат начини соодветно да се информираат сите органи и поединци .

Анализа на резултатите

Од извршената анализа на документите и собраните податоци од спроведената анкета, воочивме дека просторните услови делумно ги задоволуваат потребите на наставата и целите. Искористеноста на просторните капацитети е на оптимално ниво согласно потребите.

Опременоста на училиштето со стручна литература и наставни сретства и помагала не е на доволно ниво и треба да се подобри, во училишната библиотека треба поголема количина на уметнички наслови. Потребен е голем фонд на финансиски сретства за набавка на потрошни материјали кои ги има многу малку. Бројот на вработени е оптимален и по норматив и истите се ефективно распоредени. Стручната служба дава целосна поддршка на настваниот кадар. На професионалниот развој на наставниците треба да се поработи од аспект на изнаоѓање на потребните обуки на индивидуалните потреби како на уметничката настава така и на општообразовната, а не генеричките обуки кои се исти за останатото неуметничко образование како и обуки за исполнување на еко-стандардите.

Финансиското работење на училиштето е добро со оглед на малите финансиски средства кои се даваат од МОН, нивната распределба е делумно транспарентна и согласно најнеопходните потреби.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во програмата за развој на училиштето

- Да се обезбедат поголеми средства од МОН и други извори за стручна литература (библиотечен фонд), нагледни сретства и потрошен материјал .
- Да се систематизира професионалниот развој на наставниците односно да се најде начин истиот да се прилагоди на спецификите и потребите на Наставниот кадар во однос на Уметничката струка.
- Да се ангажира дефектолог за насочување на наставниот кадар во нивната работа со ученици со посебин потреби.

Претседател на Комисијата
Мирослава Трујкановиќ

_____

Подрачје број 7: УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

7.1. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

- Управување со училиштето
- Раководење со училиштето

Извори на податоци: Програма за работа на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; статут на училиштето; финансиски план, записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); записници од ученички парламент за избор на претставници; самоевалуација, план/програма за развој на училиштето; програма за работа на директорот; програма за професионалниот развој на директорот; интервјуа со наставници, родители и ученици, инклузивниот тим и училишниот одбор; план за следење на активностите за меѓуетничка интеграција и квартални препораки; записници од инспекциски надзори; записници од работата на тимот за училишна интеграција; прашалник за одговорното лице од општината.

Многу добро

1. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето, при што се води сметка за родовата и етничката структура на членовите на училишниот одбор. (100%)
2. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор. (100%)
3. Во деловникот за работа е пропишано задолжително присуство на најмалку по еден претставник од структурите предвидени со Законите за основно и средно образование во училиштен одбор (освен во случаи на најавено отсуство или неименувани претставници). (71.4%)
4. Училишниот одбор има донесено план за следење на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество и квартално ги следи активностите.
5. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа на училиштен одбор. (100%)
6. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. (100%+84.2%)
7. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. (89.5%+100%)
9. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето,
меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. (84.2%+75.65%+85.7%)
Раководен орган - директор
10. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. 100%+89.5%+75.6%

11. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето; 78.9%
12. Донесува одговорни одлуки; има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој; успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем; се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, редовно се самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето; 84,2%+100%
14. Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. 84,2%+77,8%
15. Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и младинско учество. 100%

Делумно задоволува
8. Училиштето обезбедува обука за членовите на училишниот одбор заради успешно извршување на улогата на управување. (57.1%)
13. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во поширокаата заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието. (63.2%)

7.2 КРЕИРАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ПОЛИТИКА

- Јасност и соодветност на мисијата ивизијата
- Процедури за креирање на училишната политика
- Резултати од развојното планирање

ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ: Годишна програма за работа на училиштето; самоевалуација, развоен план/програма на училиштето; планот за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови; анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, учениците; записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет; интерни акти; програмата за работа и извештајот за работата на училишниот одбор; пишани процедури за креирање училишни политики; деловник за работа на училишниот одбор; план за професионален развој; извештаи од интерната евалуација; финансиски план на училиштето.
Многу добро
16. Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. 84,2%
17. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на мисијата и визијата. Вработените добро ги познаваат и разбираат мисијата и визијата, а останатите чинители се запознаени со нив. 63,2%+73,3% (68,25%)

18. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (вработените, структурите во училиштето, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата. 84,2%
19. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата. 78,9%
20. Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики.
21. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, младинско учество, намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, итн. 89,5%+84,4%
22. Вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и во активностите за нивно остварување. 73,7%
23. Резултатите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. 78,9%
24. Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели.
25. Училиштето има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите и тој план го реализира.
26. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. 94,7%+82,2%

Идни активности со цел подобрување на слабите страни на дел од подрачјата кои може да бидат вклучени во програмата за развој на училиштето

- Да се обезбедат континуирани обуки за членовите на училишниот одбор заради успешно извршување на улогата на управување.
- Да се воспостават продуктивни партнерства во непосредната и во поширокаата заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието.

1. Соња Димова – Претседател _____
2. Катерина Таневска – член_____
3. Тања Таневска – член_____
4. Жаклина Глигориевска – член_____